*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 18, 2014, стр. 269–274

Јованка Д. Денкова
Махмут И. Челик
Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет
Штип, Р. Македонија

# РОМАНИТЕ НА ГОРЈАН ПЕТРЕВСКИ ПОСВЕТЕНИ НА МЛАДЕШКИТЕ ВОЗБУДИ И ДИЛЕМИ

*Апстракт*: Во трудот се разгледуваат некои од најчитаните романи на најпознатиот македонски писател за деца, а особено за млади – Горјан Петревски[1]. Она што го издвојува неговото творештво од творештвото на останатите современи македонски автори за млади, е неговата преокупираност со животот на младите, адолесцентите. Овде се опфатени неколку романи од споменатиот автор, кои зборуваат за животот на младите во урбаните средини, се внурнуваат во психолошките лавиринти на адолесцентите и сето тоа преку еден современ дијалог, обоен со младешки жаргон, чиј хумор доминира над драматичните дилеми и порази со својата младешка виталност.
*Клучни зборови*: романи за млади, адолесценти, современ живот, Горјан Петревски.

Кога станува збор за творештвото на Горјан Петревски, може да се каже дека, ретко како кој писател во македонската литература влегол на голема врата. Но, и навреме како млад и талентиран раскажувач кој уште на самиот почеток знаел како да го прераскаже својот богат творечки свет и да им го понуди на читателите. Напишал голем број дела меѓу кои можат да се наведат следниве наслови: „Гороцвет“, „Земјата од сонот“, „Тажниот свирач“, „Татковите солзи“, „Пролетни дождови“, „Споменка“, „Пламени залези“, „Залуденост од заљубеност“, „Исти очи“ и др.

Неговите раскази набрзо потоа резултирале и со излегувањето на прва книга „Гороцвет“. Тоа било најава дека во македонската литература се појавило ново име, автор кој подоцна ќе стане миленик и идол на генерациите од младешка возраст. Дека очекувањата не биле залудни, Горјан Петревски потврдил со својата втора книга „Земјата од сонот“ – 1980. година. Во неа, за разлика од првата, во која на возвишен начин ги воспевал доживувањата и

[1] Горјан Петревски е роден на 14 јули 1951 година во село Мренога, Демир Хисар. Основно училиште завршил во родното место, а средно образование стекнал во прилепската гимназија. Студирал на Филолошкиот факултет во Скопје, во групата на јужнословенска книжевност.

Работел десетина години како новинар на Македонската Телевизија на програмата за деца, а во 1986 година преминал на работа во НИП „Нова Македонија“, каде што работел во забавникот за млади „Наш свет“, а, исто така, бил и одговорен уредник на списанието за деца „Развигор“, како и одговорен уредник на издавачката дејност во издавачката куќа „Детска радост“.

jovanka.denkova@ugd.edu.mk 

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 18, 2014, стр. 269–274

настаните од детството, овојпат понудил нешто сосем друго. Раскази, кратки по форма, еден вид новелетки или можеби басни, кои со својот колорит, мудрост и порака во себе биле изнијансирана лирика.

Својата мајсторија за расказот Горјан Петревски ја потврдил и со „Татковите солзи“. Таа била второнаградена книга на конкурсот на „Детска радост“, а во неа на убав начин уште еднаш ги потврдил своите раскажувачки вредности.

Тоа биле раскази кои носеле белег на времето кое било надвор од една војна, но во кое се уште се чувствувале нејзините остатоци. Раскази-ослободени од идеологија, но блиски по својата содржина до читателите. Меѓу нив се и: „Плетенка“, „Далечна пролет“ и др. Раскази – од кои секој за себе претставува драма врзана со своето време, но видена како последица од неодамна завршена војна.

Со излегувањето на првиот роман: „Споменка“ како трето негово објавено дело, Горјан Петревски ги разбудил и најголемите скептици дека на сцената доаѓал писател кој подоцна ќе се вброи во редот на најпопуларните и најомилените писатели кај нас на таа возраст. Уште тогаш девојчето Споменка станала синоним за прва љубов. Ако лирските записи „Задоцнети писма до Споменка“ биле инспиративни досетки, доживувања и први нејасни симпатии, романот „Споменка“ бил вознесена приказна за првата љубов. Таа лирска повест во која љубовта меѓу момчето Бојан и девојчето Споменка има доминантен простор, со својата автобиографска искреност, со приодот кон настаните, потоа со силните ликови (Никола, Вера Претералка, учителката Разделина и други), живее меѓу читателите. Романот „Споменка“ најдобро опишува една детска и невина, прва љубов. Тогаш кога не можеш во лице да и кажеш што чувствуваш, кога книгите се преносници на слатките детски писма, кога несебично и ја откриваш својата голема тајна – полјаната полна со диви јагоди за која никој друг не знае. Споменка – синооко девојче со коси како есенско лисје, онаа поради која вреди да се победат „Црните стрели“.

Од најисконската прва љубов, Петревски не носи и пред проблемите од младоста. Преку „Марта“ тој ќе покаже како една девојка, која копнеејќи по љубов и заштита паѓа во рацете на неранимајко. Романот „Марта“ е возбудлива приказна од светот на денешниве генерации, со урбани збиднувања и „напуштање“ на авторот на тематската средина на селото, за да докаже и да даде пример како се пишуваат книги на „градски“ теми.

Тој тоа го покажува и со романот „Снеговите на Климентина Евин“ кој претставува уште еден бисер во неговиот опус. Настаните во ова дело што се менуваат како на филмска лента, се поместени во Охрид и на Охридското Езеро. Младата пливачка Климентина Евин ќе се вљуби во својот професор по физика кој ќе ѝ стане мотив во учењето и пливањето. А и горчливо искуство кога истиот тој ќе ѝ ја подаде раката за да ја извалка сета чистина што се крие во „младата девојка“. Едно „неконтролирано“

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 18, 2014, стр. 269–274

движење со кое ќе ѝ го разурне сонот. Но, така е и најдобро, зашто на тој начин љубовта мора така и да заврши. Во овој роман значајно место имаат и ликовите на нејзината баба, госпоѓата Јана Евин, професор по пијано. Катализатор на главниот лик е необичната Ива Жива, врсничка и најдобра другарка на Климентина.

Уште една прва љубов Горјан Петревски ќе понуди во својот роман „Далечна љубов" 1992. година, но овојпат тоа ќе го направи на хумористичен начин, а настаните ќе ги помести во мало гратче во кое живеат девојчето Сара Кадина, талент на виолина и момчето Павел Клетнички, талентиран за кошарка. И покрај тоа што љубовта ќе се роди заемно, ни едниот ни другиот со своите четиринаесетина години тоа не можат да го откријат. Ќе дознаат дури откако ќе заминат далеку еден од друг, таа да се усовршува како талент по виолина, а тој по кошарка. Низ сите тие настани видна е улогата на малиот и иден „научник" Иван Луј Пастер, другар на Павел, кој ќе одигра значајна улога во сплетките, зашто и самиот е вљубен во Сара Катина. Треба да се наведе и необичниот лик на професорот по биологија – Спасе Еленски, кој со својот приод кон учениците и наставата, како и со постапките, наидува на недоразбирање и неодобрување во колективот, но, спротивно на тоа, на големо разбирање меѓу своите ученици. „Далечна љубов" е роман на една необична и помалку „смешна" прва љубов.

Романот „Исти очи" претставува необична и неизвесна приказна сѐ до крајот на неговата возбудлива содржина. Во него, уште на почетокот, на попатната станица Клисура, ќе се запознаат момчето Ангел и девојчето Ана. Тој како продавач на јоргован, а таа како флејтистка што во тој час ги забавува патниците во возот. Но, кога ќе им се сретнат погледите, ќе увидат дека обајцата имаат исти очи. Кога ќе заминува возот Ана ќе добие јоргован, а како благодарност, на ливче хартија набрзина ќе ја запише својата адреса и ќе му ја фрли од прозорецот. Но, ветрот е тој што ќе го направи заплетот неизвесен со тоа што ќе ја одвее неповратно кон длабочините на Клисурата. Тогаш настанува потрага по Ана преку портрет по сеќавање, зашто Ангел таа есен заминува да учи во градот и да живее во интернатот. Таму го запознава Крсте од Рамна, момче кое знае да свири на гајда, а цел му е да стане добар готвач во угостителско училиште. Во откривањето на Ана ќе помогне девојчето Јулија, соученичка на Крсте, која го засакува Ангел, но не ќе може да не му открие дека сосем случајно ја познава Ана. При средбата и запознавањето ќе се дознае дека и таа го барала Ангел, а ќе се сретнат на исполнување на нејзината композиција „Момчето од Клисурата" со која настапува на вечер на млади таленти. Но, на крај ќе се дознае дека Ангел и Ана, всушност, се брат и сестра оставени пред два различни прага. Приказната е потресна и полна со заплети, но и среќна, а начинот на кој е опишан животот и природата во Клисурата е своевидна мајсторија и доживеаност на авторот.

Книгата „Рано дојде љубовта“ се состои од седумдесет и два лирски раскази. Книгата е поделена на два дела „Плашилото со добро срце“ и „Тешко прашање“. Љубовта е универзална и како мотив таа се среќава речиси во сите дела на авторот, што е случај и во ова дело. Доминантна специфика на овој роман се искреноста, топлината и доживеаноста на нештата. Тие белези се фундаментален принцип во литературата за деца и младина. Начинот на кој е напишан е прифатлив за младата популација, што се провлекува низ сите романи на Горјан Петревски. Авторот е целосно внесен во детскиот свет и оттаму ги црпи своите инспирации.

Романот „Сама“ е едно од најдобрите остварувања на Горјан Петревски. Роман кој е лесно препознатлив по неговата лиричност и сентименталност, по трагањето на убавото и возвишеното, на добрината и љубовта. Тој во овој роман целосно го доловува секојдневието на младиот човек, грдото и испревртено време во кое младиот човек секојдневно се среќава со лагата, лицемерството, злото, измамата, алкохолот, проституцијата. Едно довчерашно дете треба да го издржи притисокот и да се изгради во правилна личност притоа избегнувајќи ги сите пороци. Главен лик во овој роман е пијанистот со светско реноме Симеон Георгиев, се она што се случува во романот е поврзано со него, сите настани почнуваат и завршуваат со него. Освен него претставен како светски славен млад пијанист, заедно со неговата доследност, упорност, работливост, скромност, разбирање, добрина, љубов и почит кон другите, авторот ни ја доловува и приказната на главната хероина во овој роман Теодора Малинова. Таа е меѓународна каратистка која постојано го слуша упорното вежбање на пијанистот, неговата упорност и желба да оствари некое големо дело кое би оставило трага во неговиот живот, покажувајќи дека единствена мерка за човекот се трудот и работата. Ни ја претставува одмаздољубивата и ретко успешна каратистка како сама и осамена несреќна девојка. Таа во една прилика по навреда и измама на училишниот другар Емил и неговата дружина целата своја духовна и физичка убавина ја пресоздава во долго посакуваната и единствена љубов кон младиот пијанист. Одеднаш големите и бучни нешта во животот, стануваат мали и обични, секојдневни чуда од убавина и добрина, почит и љубов, правичност, стрпливост и доследност. Горјан Петревски во овој роман ја вградува приказната на два млади лика кои прерано пораснуваат и се впуштаат во живот полн со зло. Тие таму се соочуваат со сите зла и несреќи, развратот, дрогата. И притоа тие самите со сопствена борба, работа и труд треба да го освојуваат животот како вредност и достоинство. Овој роман зрачи со древна мудрост и затоа подеднакво е прифатлив и за помладата, но и за постарата маса на читатели.

Книгата „Пролетни дождови“ почнува со еден необичен и многу содржаен предговор насловен како „Мајсторот и приказните“ во кој авторот, како „неодминлива совест на своето време“, остава белег за идните генерации, искрено проговорувајќи за многу нешта од својот сегашен момент. Во

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 18, 2014, стр. 269–274

неа, покрај предговорот се поместени четиринаесет приказни, топло и духовито прераскажани, драматуршки извонредно обработени, а пишувани според народни мотиви од приказните на Марко Цепенков, но, преку сосем нов приод, осовременети, во кои, како што наведува самиот автор, е задржана само основната порака на приказната. Дијалогот во книгата „Пролетни дождови“ е мошне жив, а ликовите речиси сите се од животинскиот свет, но со свои карактери и основни карактеристики. Мудроста е во преден план, а престапите и неправдата се казнуваат. Но, на сите јунаци им се дава можност да извлечат „жива глава“ од опасните и заплеткани ситуации, откако ќе бидат, се разбира, соодветно казнети. Според Петревски треба да се очекуваат некои топли „Пролетни дождови“, достоинствено, поведро и со кренато чело. Зашто тој смета дека, гордоста е последното нешто што треба да се изгуби.

Романот „Пламени залези“ Горјан Петревски го посветил на својата ќерка Јана, за да им се радува на своите тринаесет години, но и за да знае дека среќата доаѓа по нив. И секогаш да го следи текот на водата. Зашто, велат дека само таа води кон сонуваните далечини и кон убавините на животот. Се зборува за тоа дека најубавите приказни од тинејџерските години се случуваат надвор, во „слободниот простор“, каде што се размислува поинаку отколку во семејниот круг. Зашто семејството е ограничен полигон, а често и стереотип.

Горјан Петревски пишувајќи го романот „Залуденост од заљубеност“ сакал на своите читатели во исто време да им понуди и проза и поезија. Всушност, влегување во тинејџерскиот свет и видување на времето преку творечка визија за она што се случува околу нас и во нас. Создавајќи ја книгата „Залуденост од заљубеност“ Петревски сакал да им посочи можен начин – и тоа преку примери од нивната возраст, со згоди и незгоди или во кратка, но двосмислена форма – (не)згоди. Книгата, всушност, била прозен придружник и „толкувач“ на веќе објавената книга „Татковата прва љубов“. Песните му се препишани на еден имагинарен лик, девојчето Димитра со прекар „Вдахновена“, која низ згоди и незгоди, ќе не води низ содржините.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ

Книгите што ги пишува Горјан Петревски се всушност книги кои се занимаваат со животот воопшто, зашто темите на преокупација на овој ретко надарен автор, се мотиви од секојдневието на младите, но секогаш во спрега на возрасните. На крајот од краиштата, тоа е и животот во кој мостот меѓу младите и возрасните е заеднички и неизбежен. Токму затоа книгите на Горјан Петревски ѝ се допаѓаат не само на младата, туку и на возрасната читателска публика.

*Књижевност за децу у науци и настави*, пос. изд., књ. 18, 2014, стр. 269–274

## ЛИТЕРАТУРА

Петревски (1973): Горјан Петревски, *Election of Гороцвет*, Скопје: Наша книга.
Петревски (1998): Горјан Петревски, *Татковата прва љубов*, Скопје: Наша книга.
Петревски (1999): Горјан Петревски, *Снеговите на Климентина Евин*, Скопје: Детска радост.
Петревски (2001): Горјан Петревски, *Рано дојде љубовта*, Скопје: М-Графика.
Петревски (2004): Горјан Петревски, *Спименка*, Скопје: Просветно дело, Редакција Детска радост.
Петревски (2004): Горјан Петревски, *Исти очи*, Скопје: Просветно дело, Редакција Детска радост.
Петревски (2006): Горјан Петревски, *Спомените за Спименка*, Скопје: Просветно дело, Редакција Детска радост.
Петревски (2006): Горјан Петревски, *Марта*, Скопје: Просветно дело, Редакција Детска радост.
Петревски (2006): Горјан Петревски, *Сама*, Скопје: Просветно дело, Редакција Детска радост.
Петревски (2008): Горјан Петревски, *Далечна љубов*, Скопје: Просветно дело, Редакција Детска радост.
Петревски (2009): Горјан Петревски, *Пролетни дождови*, Скопје: Панили.
Петревски (2009): Горјан Петревски, *Пламени залези*, Скопје: Просветно дело, Редакција Детска радост.
Петревски (2010): Горјан Петревски, *Залуденост од заљубеност*, Скопје: Детска радост.

Jovanka D. Denkova
Mahmut I. Čelik
University „Goce Delčev“ in Štip
Faculty of Philology
The Republic of Macedonia

## GORJAN PETREVSKI'S NOVELS DEDICATED TO THE EXCITEMENTS AND DILLEMAS OF YOUNG PEOPLE

*Summary*: In this paper, the author tries to answer the question of the attractiveness of the characters in several contemporary novels for young people by Gorjan Petrevski. The analysis focuses on several of his novels, which talk about the life of young people in urban areas, dive in adolescent psychological labyrinths and all this is presented through a contemporary dialogue, colored by the jargon of the young whose humor overcomes the dramatic dilemmas and defeats with youthful vitality.

Key words: novels for young, adolescent, contemporary life, Gorjan Petrevski.